Бр./Nr 12-503/1

27-01-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1234/1 од 04.04.2025 година, оформен по пријава со наводи за незаконско работење во Општина ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, во тек е постапка пред Основно јавно обвинителство и Основен суд --------.

Предметот со број 12-1234/1 од 04.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.04.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во работењето во Општина ------ по што оформен е предмет број 12-1234/1 од 04.04.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско работење во Општина ------ поврзани со постапки за вработување и унапредување на лицата ------- и -------, двајцата вработени во општината кои не ги исполнувале законските услови за вработување и унапредување. Исто така во пријавата се наведува дека во повеќе наврати лицето ------- го злоупотребило боледувањето. Се посочува и дека на лицето -------, кој е и претседател на невладина организација ------- општината му доделила финансиски средства во износ од 20,000 евра, и дека истиот извршува работни задачи во општината кои се поврзани со доделувањето

на финансиските средства на невладината организација ------ каде е и претседател.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ------, Државниот управен инспекторат на РСМ и Државен инспекторат за труд на РСМ. Од страна на сите посочени институции во законси утврдениот рок беа доставени бараните податоци.

По разгледување на прибавените одговори од институциите е утврдено следното:
Од страна на Општина ------- добиени се бараните информаци со прилог документација каде е констатирано дека лицето -------- е вработен во Општина --------, на работно место со звање Советник за планирање --------, во Одделение за -------, креирање политики, ------, Решение со број -------- од 24.01.2024 година, додека лицето ------- е вработена во Општина -------, на работно место со звање Раководител на Одделение за --------, креирање на политики, -------, со Решение број -------- од 30.12.2020 година.
Општината има потпишано договор за финансирање со Организацијата ----- согласно Одлука на Совет за распределба на финансиските средства наменети за вршење работи од социјална заштита на здруженијана територија на Општина --------- за 2023 година со број ------ од 03.06.2024 и ------- од 03.07.2024 година и Програма за културни манифестации во Општина ------ со број ------- од 16.12.2024 година и дека посочените лица не биле вклучени во ниту една постапка во доделување на средства на организацијата -------.
Од страна на Општината била формирани Комисија за разгледување на барања за финансиска подршка за вршење работи од социјална заштита на здруженијата на територија на Општина -------, Комисија за разгледување на предлог – проекти за организирање на културни манифестации, Програми на културни манифестации на Општина ------ и Комисија за оценка и мониторинг на проекти, поднесени од страна на граѓански организации и фондации.
Општината известува дека лицето ------- не извршува работни задачи кои на било кој начин се поврзани со доделување на финансиски средства за невладини организации и проекти, евалуација на барања и слично.

Државниот инспекторат за труд достави Известување за извршениот вонреден инспекциски надзор во Општина -------, при што е наведено дека инспекторот

изготвил Записник со број ----- од 24.06.2025 година во кој не биле утврдени недостатоци и неправилности при надзорот.

Имено, инспекторатот во Записникот констатирал дека лицето -------- е вработена во Општина ------- на работно место Раководител на одделение за --------, креирање политики следење и -------- и истата за период во 2024 година има отворено две боледувања и тоа:

1.Извештај за привремена спреченост за работа од ПЗУ ДР ------- започнувајќи од 19.02.2024 година заклучно со 23.02.2024 година и

2. Извештај за привремена спреченост за работа од ПЗУ ДР ------ започнувајќи од 27.11.2024 година заклучно со 03.12.2024 година.

Констатирано е дека вработеното лице до работодавачот уредно ги има пријавено наведените боледувања во законскиот рок и од страна на работодавачот нема поведена постапка за злоупотреба на боледување од страна на наведеното лице.

Согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ 102/19, 272/24 и 22/25), ја запрел постапката поради не утврдени недостатоци и неправилности при надзорот.

По извршениот инспекциски надзор, од Државниот управен инспекторат до ДКСК доставен е Записник бр.ИП1 бр.------ од 13.06.2025 година во кој е наведено следното:

Во Записникот, Инспекторатот констатира дека при вршењето на вонреден инспекциски надзор се утврдило дека целокупната документација во врска со Јавен оглас бр.------ за вработување на административен службеник ---------, била одземена со цел постапување од страна на надлежни органи - Основното јавно обвинителство ------ и Основен суд ------. Во однос на наводите кои се однесуваат за објавениот интерен оглас бр.----- година за унапредување на административен службеник -------, констатирано е дека по претходно поднесен анонимен поднесок и поднесок препратен од Државниот инспекторат за труд -------- на надлежност и постапување до Државниот управен инспекторат, оформен бил предмет ИП1 бр.------ од 15.08.2024 година по однос на кој било постапувано и преземени инспекциски дејствија, изготвени биле инспекциски акти и поради неутврдување на неправилности при надзорот управниот инспекторат согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ 102/19, 272/24 И 22/25), ја запрел постапката.

Имајќи го предвид сето горенаведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата, од причина што за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

конкретниот случај веќе постапиле други надлежни органи (Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат), а за дел од наводите од пријавата во тек е постапка пред Основното јавно обвинителство и Основен суд ------, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата